Најдобриот дипломиран студент Марјан Џидров доби вредни награди: постдипломски студии од МфС, Инженерската Институција на Македонија му додели прстен, а Фондацијата Стамболиев на 24 мај ќе му ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС. Фондацијата Стамболиев парично го награди и дипломираниот студент Гоце Тасевски.

## ПОСЕТА

Почесниот конзул на РМ во Италија г-дин Тициано Меоли, во рамки на престојот во Македонија, реализираше работна посета на Машинскиот факултет во Скопје на 06.02.2008 година. Притоа г-динот Меоли покажа особен интерес за соработка со нашата институција.

## ОТВАРАЊЕ НА УНИДО ЦЕНТАР

На 7 февруари 2008 година, на МФ беше извршена официјална инаугурација на Националниот центар за почисто производство на Република Македонија. На церемонијата присуствуваа амбасадорот на Република Австрија Н.Е. д-р Алоис Краут и директорот на УНИДО-Австрија г-ѓата Петра Швагер.

## СОРАБОТКА

На 13.02.2008 година во просториите на Машинскиот факултет се одржа свечена церемонија на потпишување на договор за соработка помеѓу Машинскиот факултет и Универзитетот во Кембриџ. Во соработката се опфатени постдипломски студии по Индустриски иновации, претприемништво и менаџмент, како и основање Оддел за индустриски развој.



## АКТИВНОСТИ НА Центарот за нови бизниси на УКИМ

Во рамки на “ЛЕПЕЗА” проектот финансиран од Норвешката влада наменет за претприемничка обука на воени лица од АРМ, центарот за нови бизниси при УКИМ реализираше успешни обуки и циклусот заврши на 20.02.2008 година кога беа доделени трите први награди за формирање сопствен бизнис.

## Европски информативен и иновативен центар во Македонија (EIICM)

На 20.02.2008, за проектен менаџер на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија (EIICM) е назначен Доц. д-р Виктор Стојмановски.

EIICM има за цел поддржување на конкурентноста и иновациите и е дел од Европската мрежа на претпријатија (Europe Enterprise Network – EEN) присутна во 40 земји со преку 600 партнерски организации. Центарот има задача во рамки на EEN на претпријатијата да им обезбеди контакти за вршење бизнис и за размена на технологии, размена на резултати од научни истражувања, учество во заеднички научно-истражувачки проекти и да аплицираат за проекти од FP7 програмата.

Хиерархиски центарот е поставен под Европската Комисија. Просториите на EIICM се наоѓаат во Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

## ИНФОРМАЦИЈА

Вон. Проф. д-р Атанас Кочов, од Февруари 2008, е избран за член на Fullbright Academy for Science and Technologies и член на советодавното тело и бордот на директори.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради студиски престои, учество на семинари, симпозиуми и за други службени цели во текот на месец јануари 2008 год. остварија:

1. Проф. д-р Зоран Пандилов во Унгарија, со цел престој на политехниката во Будимпешта, заради презентација на постигнатите резултати на научноистражувачки проект.
2. Проф. д-р Валентина Гечевска во Грција со цел реализирање на престој на Аристотел Универзитетот во Солун, во рамки на Темпус проект.
3. Пом. асс. Кристина Јакимовска во Романија, со цел резилирање престој на Институтот на фирмата MAT Craiova заради воспоставување на контакти за нејзино понатамошно усовршување.
4. Проф. д-р Делчо Јованоски во Бугарија, со цел реализирање на престој на Техничкиот униврзитетот во Софија, каде што на Факултетот за германско инженерство одржа предавања на последипломски студии на насоките "Индустриски менаџмент" и "Бизнис администрација".
5. Проф. д-р Атанаско Тунески во Грција, со цел реализирање на престој на Аристотел Универзитетот во Солун во рамки на Темпус проектот DEREC.
6. Проф. д-р Атанас Кочов во САД, со цел е учество со реферат на меѓународната конференција со наслов:"Fulbright Academy for Scince and Technocogy" која се оддржа во Бостон, САД

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.03.2008**
**38 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, февруари, број 68**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ПРОМОЦИЈА

На 15.02.2008, во Амфитеатарот се одржа промоција на дипломирните студенти на МФ во текот на 2007 година:

- 3 магистри (VII-2 степен)
- 108 дипломирани машински инженери
- 21 машински инженери (VI-1 степен)
- 5 дипломирани студенти на Професионални студии



Студентите ги поздрави Деканот на МФС проф. д-р Милан Ќосевски, проректорот на УКИМ проф. д-р Зоран Велковски и Австрискиот конзул г-ѓа Сабине Кернталер, а потоа беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи и најдобрите студенти по студиските години.